РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2749/8

05-11-2021

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 54-та седница одржана на ден 02.11.. 2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5047 од 2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител , **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека пријавените наводи не се потврдени..

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5047 од 2019 година е оформен врз основа на,доставена до ДКСК од страна на непознат подносител - анонимна пријава. Во пријавата изнесени се наводи за незаконитости поврзани со и од работата на ---------- --------------, директор на Јавното комунално претпријатие „---------" од ------------------- и тоа:

1) Незаконитости во постапката за негово назначување за директор на претпријатието од страна на градоначалникот на општина ---------- ------------, поради тоа што наведеното лице не ги исполнувало условите за поставување на директор поради неговото несоодветно завршено образование, без распишан конкурс за тоа работно место,, без положен испит од познавање на англиски јазик .

2) Незаконитости во постапката за назначување на лице за претседател на Управниот одбор, во која пријавеното лице како директор на ЈКП.

3) Незаконитости и сомневање за извршено влијание во постапки на вработувања на блиски лица на ----------- --------------.

4) Селективност при одобрување за користење на годишен одмор на вработените во ЈКП .

5) Незаконитости во трошењето на парите од благајната на фирмата- ЈКП и неадекватното трошење на пари за снабдување со гориво на возилата на фирмата, како и за приватни возила без соодветна документација.

Заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до ЈКП Бошава за добивање на потребна документација, но и барање до Управниот одбор на ЈКП да наложи контрола над работењето на благајната и остварувањето на правата на вработените и да ја информира ДКСК. По извршениот увид во доставената документација утврдена е следната фактичка состојба:

1) Пријавеното лице било избрано за директор со решение од 04.06.2018 година, со мандат од 4 години, во постапка спроведена по јавен оглас од 14 и 15.05.2018 година објавен во три дневни весници и по донесена одлука за избор од 23.05.2018 година; а во документацијата кон неговата пријава била приложена диплома за завршено високо образование VII 1 степен издадена од Универзитетот „--- ----------------- ------------------------" ----------- издадена на 24.05.2000 година, потврда за остварен работен стаж од 6 години и 11 месеци издадена од ФПИОМ од 22.01.2018 година, како и Стручно Мислење од спроведен

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

единствен психолошки тест и тест за интегритет од 02.02.2018 година. Оттаму, произлегува дека не се потврдуваат предметните наводи за пријавеното лице по однос на неговото несоодветно завршено образование и поставувањето на функцијата директор без претходно да бил распишан конкурс за тоа.

Од страна на пријавеното лице во рок од една година бил исполнет бараниот услов и на 18.06.2019 година бил доставен еден од потребните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години, што значи дека не се потврдуваат предметните наводи по однос на тоа дека пријавеното лице не положило испит од познавање на Англиски јазик;

2) Советот на Општина ---------- --------------- на ден 26.11.2017 година донел Решение за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ЈКП, меѓу кои како еден од петте члена било именувано и лицето ---------- --------- со мандат од 4 години, а истото лице, со четири гласа за, било избрано за нов претседател на Управниот одбор. Начинот на избор не упатува на влијание или незаконитости во постапката за назначување на лице за претседател на Управниот одбор на предметното ЈКП.

3) По однос на наводите за незаконитости и сомневање за постапки на вработувања на лица во предметнот ЈКП, по барање на ДКСК постапено е од страна на друг надлежен орган, Државен инспекторат за труд - ----------- кој при инспекцискиот надзор извршен на ден 18 и на 21.09.2020 година утврдил дека нема неправилности и незаконитости во постапките за вработување на лицата наведени во доставената пријава, со што и овие наводи не се потврдуваат.

4) По однос на наводите за незаконитости по однос на барањето за користење на годишен одмор на вработените во ЈКП, по барање на ДКСК постапил Надзорниот одбор на предметното ЈКП и ја побарал на увид документацијата за истото.

5) Во врска со наводите за незаконитости во трошењето на парите од благајната на ЈКП и неадекватното трошење на пари, по барање на ДКСК постапено е од страна на друг надлежен орган – Надзорниот одбор на ЈКП, кој доставил писмено барање до Градоначалникот и Советот на Општината, за поведување на постапка за меѓуопштинска соработка со цел ангажирање на внатрешен Ревизор, а по завршувањето на Ревизијата од страна на овластен Ревизор во рок од 3 дена истата ќе ја достават до ДКСК.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК оцени дека наводите не се потврдени поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : К.Н, Член на ДКСК